**20160390997**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 февруари 2016 година.

Бр. 08-1302/1
23 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 1

Во Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15 и 129/15 и 192/15), во членот 22-а став (1) зборовите: „Правното и физичкото лице“ се заменуваат со зборовите: „Правното лице односно трговец поединец“.

Во ставот (3) зборовите: „Правното и физичкото лице“ се заменуваат со зборовите: „Правното лице односно трговец поединец“.

Член 2

Во членот 22-б став (3) се менува и гласи:

„(3) Лиценцата ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина за временски период од пет години врз основа на поднесено барање од правно лице, односно трговец поединец.”.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Лиценцата од ставот (3) на овој член може да биде продолжена за најмалку пет години за што носителот е должен два месеца пред истекот на временскиот период на важност на дозволата да поднесе барање за продолжување на истата.“.

Ставот (7) се менува и гласи:

„Лиценца може да добие правно лице или трговец поединец.“

Ставот (8) се менува и гласи:

„Правно лице, односно трговец поединец може да се стекне со лиценца во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето доколку ги исполнува следниве услови:

- има простор и опрема за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење,

- има вработено најмалку едно лице кое има уверение за положен стручен испит за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење и

- е регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија.“

Ставот (9) се менува и гласи:

„Доказот за исполнување на условите од ставот (8) алинеи 2 и 3 на овој член, ги прибавува овластеното службено лице од органот на државната управа надлежен за решавање на работите од областа на животната средина, кое е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.

По ставот (9) се додава нов став (10), кој гласи:

(10) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (9) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.“

Во ставот (10) кој станува став (11) зборовите: „Физичкото лице и правното лице“ се заменуваат со зборовите: „Правното лице односно трговец поединец“.

Ставовите (11) и (12) стануваат ставови (12) и (13).

Член 3

Во членот 22-у став (7) зборовите: „министерот кој раководи со“ се бришат.

Член 4

Во членот 24 став (10) зборовите: „министерот кој раководи со органот на државнат управа надлежен за работите од областа на животната средина“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Ставовите (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19), (20), (21), (22), (23), (24), (25), (26), (27), (28), (29), (30), (31), (32), (33), (34), (35), (36), (37), (38), (39), (40), (41), (42) и (43) се бришат.

Ставот (44) станува став (13).

Член 5

Во членот 29 став (4) зборовите: „министерот кој раководи со“ се бришат.

Член 6

Во членот 65 став (8) се менува и гласи:

„Одлуката од ставот (6) на овој член ја донесува органот што го подготвува планскиот документ.“.

Ставот (11) се менува и гласи:

„Против одлуката од ставот (6) на овој член, јавноста има право на жалба во рок од 15 дена од денот на нејзиното објавување на веб страницата на органот кој го подготвува планскиот документ до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.“.

Член 7

Во членот 85-ј ставови (2) и (4) зборовите: „министерот кој раководи со“ се бришат.

Член 8

Во членот 85-т став (7) зборовите: „министерот кој раководи со“ се бришат.

Член 9

Во членот 87 ставови (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19), (20), (21), (22), (23) и (24) се бришат.

Член 10

Во членот 105 ставовите (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19), (20), (21) и (22) се бришат.

Член 11

Во членот 108 став (5) бројот „30“ се заменува со бројот „15“. Во ставот (7) втората реченица се брише.

Ставот (8) се брише.

Ставот (9) станува став (8).

Член 12

Во членот 118 став (2) втората реченица се брише.

Во ставот (6) по зборот „презема” запирката и зборовите: „а на операторот од кој се пренесува дел од инсталацијата му се враќа дозволата приложена во согласност со ставот (2) на овој член“ се бришат.

Член 13

Во членот 126 став (2) се менува и гласи:

„Против решението на надлежниот орган од членот 123 став (1) на овој член, операторот на инсталација има право да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението.“.

Ставот (3) се брише.

Ставот (4) кој станува став (3) се менува и гласи:

„(3) Жалба против решението од ставот (2) на овој член можат да поднесат засегнати правни и физички лица, како и здруженија на граѓани основани заради унапредување и заштита на животната средина до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението.”.

Ставовите (5), (6), (7), (8), (9) и (10) стануваат ставови (4), (5), (6), (7), (8) и (9).

Ставовите (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19), (20), (21), (22), (23), (24), (25), (26), (27), (28) и (29) се бришат.

Член 14

Во членот 127 став (2) се менува и гласи:

„Исполнувањето на барањата утврдени во Б-интегрираната еколошка дозвола го утврдува надлежниот орган од членот 124 став (1) од овој закон преку увид во инсталацијата и нејзината работа, за што издава решение.“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Против решението на надлежниот орган од ставот (2) на овој член, операторот на инсталација има право да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението.“.

Ставот (4) се брише.

Ставот (5) станува став (4).

Член 15

Во членот 167 став (2) се менува и гласи:

„Обврзниците го плаќаат надоместокот врз основа на решение кое го донесува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.“.

Во ставот (4) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „во рок од 15 дена од денот на приемот на решението”.

Член 16

Во членот 169 став (2) по зборовите: „решение на“ се бришат зборовите: „министерот кој раководи со“.

Член 17

Во членот 198 став (1) точки 4-а), 4-б) и 4-в) зборовите: „правното и физичкото лице” се заменуваат со зборовите: „правното лице односно трговец поединец”.

Член 18

Во членот 212-е став (6) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичко лице кое како експерт учествува во постапката за стратегиска оцена на влијанието врз животната срединаво постапката за оцена на влијанието на проектот врз животната средина односно во постапката за ревизија доколку:

1) експертот во подготовката на планските документи даде неточни податоци (членови 67 и 68);

2) експертот за оцена на влијанието врз животната средина во подготовката на документите за оцена на влијанието врз животната средина даде неточни податоци;

3) ја потпише како одговорно лице студијата за оцена на влијанието врз животната средина без да е вклучено на листата за експерти за оцена на влијанието врз животната средина (член 83 став (2) и

4) изработило еколошка ревизија, а не е регистрирано и не поседува соодветен лиценца согласно со Законот за процена (член 130).

Ставот (7) се менува и гласи:

„Барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците од ставот (6) на овој член може да поднесе раководителот на организационата единица во органите надлежни за спроведување на овој закон, како и државниот службеник кој учествува во спроведувањето на постапките од главите XI, XII и XIV на овој закон.”.

Член 19

По членот 212-ж се додава нов член 212-ѕ, кој гласи:

„Член 212-ѕ

(1) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на службеното лице во органите кое се одговорни за спроведување на овој закон, како и на лицето кое е овластено за спроведување на дејствијата утврдени во овој закон доколку:

1) службеното лице во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, вклучувајќи ги и органите во состав како и службените лица во другите органи не ги презело навремено во утврдениот рок и ефикасно сите неопходни мерки и постапки за спроведување на овој закон;

2) службеното лице во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, вклучувајќи ги и органите во состав, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, не го извести министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина дека не е постигната согласност за содржината и рокот на реализација на оперативниот план;

3) лицето овластено за посредување со информации од областа на животната средина не постапува согласно со одредбите од овој закон;

4) службеното лице не води евиденција согласно со одредбите од овој закон;

5) службеното лице податоците не ги чува како службена тајна, ако тоа е определено со овој закон;

6) не ги обезбедило сите потребни информации неопходни за спроведување на надзорот на барање на државниот и овластениот инспекторат за животна средина;

7) не им овозможува право на увид на државните и овластените инспектори за животна средина;

(2) За прекршоците од ставот (1) од овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“.

Член 20

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Член 21

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за животната средина.

Член 22

Одредбите од членовите 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 13, 14, 15, 16, 18 и 19 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општа управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).

Член 23

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.